**МЕТОДОЛОШКИ ОБЈАСНУВАЊА**

## 1. Општи методолошки појаснувања за екстерните статистики

Екстерните статистики претставуваат сублимат од повеќе одделни статистички истражувања за прибирање, обработка и објавување податоци за состојбата и/или трансакциите со нерезиденти, и тоа: платен биланс, директни инвестиции, меѓународна инвестициска позиција, официјални девизни резерви, бруто надворешен долг и бруто надворешни побарувања.

Народната банка на Република Македонија, со цел усогласување со меѓународните статистички стандарди и подготовка на меѓународно споредливи податоци, своите активности првенствено ги фокусира на усогласување со меѓународно пропишаните стандарди и примена на најновите прирачници од областа на платниот биланс, странските директни инвестиции, бруто надворешниот долг и побарувања, како и официјалните девизни резерви.

### 1.1. Усогласување со европските и меѓународните статистички стандарди

Усогласувањето на статистичките извештаи од екстерните статистики се врши преку примената на меѓународните упатства и нивното вградување во националната статистика.

Меѓународните упатства и ЕУ регулативи коишто се применуваат при прибирањето и обработката на податоците се следниве:

- Прирачникот за меѓународна инвестициска позиција и платен биланс БПМ6 (Balance of Payments and International Investment Position Manual, sixth edition (BPM6), 2009, IMF);

- Прирачникот на ММФ за меѓународни резерви и девизна ликвидност (International Reserves and Foreign Currency Liquidity: Guidelines for a Template, IMF 2013);

- Прирачникот за статистика на надворешниот долг (External Debt Statistics: Guide for Compilers and Users, IMF, 2013);

- Насоките на ОЕЦД за дефинициите за странските директни инвестиции, 4. издание, БД4 (OECD Benchmark Definition of Foreign Direct Investment 4th Edition BD4);

- Regulation (EC) No 184/2005 of the European Parliament and of the Council;

- Commission Regulation (EC) No 601/2006, implementing Regulation (EC) No 184/2005;

- Commission Implementing Regulation (EU) No 228/2014, amending Regulation (EC) No 601/2006;

Класификациите коишто се применуваат при прибирањето и обработката на податоците за овие истражувања се следниве:

- НКД - Национална класификација на дејности (компатибилна со NACE Rev. 2);
- Национална класификација на сектори (компатибилна со ESA 2010);
- Меѓународен стандард за класификација на земји и валути (ISO country and currency codes).

**Националната законска регулатива**, во која се дефинира содржината на податоците коишто се прибираат за потребите на екстерната статистика, е во согласност со Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и Законот за девизно работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2001, 49/2001, 103/2001, 54/2002, 51/2003, 81/2008, 24/2011, 135/2011, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16). Резидентноста на институционалните единици е утврдена со Законот за девизно работење, пришто физичките лица коишто привремено престојуваат во Република Македонија врз основа на важечка виза за престој, односно работна виза во траење од најмалку 6 месеци имаат третман на резиденти на Р. Македонија[1].

**Извештајни единици** се правни и физички лица коишто имаат економски трансакции со нерезидентите и кои во зависност од видот на трансакциите со нерезидентите, известуваат за своите побарувања и обврски кон нерезидентите врз основа на должнички инструменти, капитални вложувања во и од странство, побарувања и/или обврски кон нерезидентите врз основа на останатите финансиски инструменти и сл. Известувањето е непосредно (директно од извештајните единици) и посредно (преку други институции коишто располагаат со информации за одреден вид трансакции со нерезидентите).

## 1.2. Политика на објавување и ревизија на податоците

### 1.2.1 Политика на објавување на податоците

Податоците за екстерните статистики се објавуваат со утврдена периодика и рокови дадени во календарот на објавување на податоците (расположлив на интернет-страницата на НБРМ - http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx).

Методологиите за екстерните статистики, исто така, се објавени на интернет-страницата на НБРМ.

### 1.2.2 Политика на ревизија на податоците

Податоците се ревидираат на редовна годишна основа, во рок од т+270 дена по истекот на извештајната година.

Исто така, по потреба ревизија на објавените податоци може да се врши и почесто во случаи на:

- добивање нови и/или коригирани информации и податоци од извештајните единици; или

- промени кај изворите на податоци или методологијата за составување на одделно статистичко истражување.

[1] Ваквото дефинирање на резидентноста на физичките лица и неговата примена во креирањето на статистичките податоци претставува исклучок од препораката наведена во меѓународните статистички стандарди каде како критериум за утврдување на резидентноста се користи престој или намера за престој во една земја во траење од една година или повеќе.

Во согласност со меѓународните препораки, за позначајните измени во податоците коишто произлегуваат од извршените ревизии се дава соодветно објаснување со фуснота или во рамки на соопштенијата за печат.

Ревизија на податоците во историската временска серија се врши почнувајќи од моментот на појавување на настанот што довел до измена на податоците, или доколку за тоа не постојат соодветни услови, за најдолг можен временски период station наназад. Доколку настане измена во прикажувањето на податоците (објавување нов показател - сектор, инструмент и друго), историската временска серија се ревидира почнувајќи од моментот на воведување на новиот показател, доколку за тоа постојат соодветни услови.

## НАДВОРЕШНОТРГОВСКИ И ДЕВИЗЕН СЕКТОР

### Табели бр.18-23 ПЛАТЕН БИЛАНС

Платниот биланс претставува статистички извештај за определен временски период, којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Македонија со странство. Како трансакции коишто се прикажуваат во рамки на платниот биланс се подразбираат исклучиво трансакциите помеѓу резиденти и нерезиденти коишто настануваат врз основа на меѓусебен договор и вклучуваат размена на вредност или трансфер на вредност без наплата на противвредност.

Согласно со Законот за Народната банка на Република Македонија и прописите од доменот на девизното работење, Народната банка на Република Македонија (НБРМ) е одговорна за составување и следење на извршувањето на платниот биланс.

Податоците се објавуваат на кварталнаоснова, во милиони евра и САД-долари. Трансакциите деноминирани во други валути се конвертираат во евра и САД-долари според девизниот курс на денот на трансакцијата.

Основни извори на податоци за извршувањето на платниот биланс се:

- единствениот царински документ (ЕЦД) за надворешнотрговската размена на Република Македонија;
- системот за известување за платниот промет на банките со странство (ППС);
- системот за известување за надворешниот долг и побарувањата (НДНП);
- банкарските извештаи за состојбата на средствата и обврските (КНБИФО);
- месечните извештаи за промените и состојбите на сметките во странство на резидентите коишто не се овластени банки и состојбата и прометот на евидентните сметки (месечни извештаи - МИ);
- дополнителните извештаи на НБРМ за состојбата на официјалните девизни резерви на Република Македонија;
- податоците од годишниот прашалник за вложувања во/од странство - ВС 11 и ВС 22;
- кварталниот извештај за остварениот и планираниот финансиски резултат во тековната година (КВС);
- прашалникот за известување за договорен откуп на обврските и побарувањата (ПОЗ);
- кварталните извештаи за побарувањата и обврските врз основа на комерцијално работење на резидентите со странство (КИПО).

- извештај за состојбата и промените на вложувањата во сопственички хартии од вредност и удели во инвестициски фондови (ВХВ – 1) и извештај за состојбата и промените на вложувањата во должнички хартии од вредност (ВХВ – 2).

## Конвенција за знаците во платниот биланс

Во рамки на тековната и капиталната сметка, приливите и одливите се евидентираат со позитивен знак, додека во финансиската сметка, зголемувањето на средствата и обврските се евидентира со позитивен предзнак, додека намалувањето на средствата и обврските се евидентира со негативен знак.

Табела 1. Конвенција за употребата на знаците

| | БПМ6 |
|---|---|
| *Тековна и капитална сметка* | |
| Извоз / Прилив | + |
| Увоз / Одлив | + |
| Нето | (Прилив - Одлив) |
| *Финансиска сметка* | |
| *Средства* | |
| Зголемување | + |
| Намалување | - |
| Нето | (Зголемување + Намалување) |
| *Обврски* | |
| Зголемување | + |
| Намалување | - |
| Нето | (Зголемување + Намалување) |
| *Финансиска сметка: нето-кредитирање (+) / нето-задолжување (-)* | *(Средства - Обврски)* |

## Институционални сектори

Институционалните единици се групирани во повеќе институционални сектори. Класификацијата во институционалните сектори се однесува само на резидентните единици. Поделбата на институционални сектори е во согласност со секторите и потсекторите наведени во СНА 2008[2], но се прикажуваат на повисоко ниво на агрегација.

Резидентите се класифицираат во следните основни сектори и потсектори:
- Централна банка *(монетарна власт)*
- Држава
- Депозитни институции, освен централната банка
- Останати сектори, поделени на:
  - Останати финансиски институции
  - Нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата

**Централната банка** е Народната банка на Република Македонија.

[2] Систем на националните сметки 2008, Европска комисија, Меѓународен монетарен фонд, Организација за економска соработка и развој, Обединети Нации, Светска банка, 2009. (https://unstats.un.org/unsd/nationalaccount/sna2008.asp).

**Државата** е претставена преку институционалните единици коишто се формирани преку политички процеси и имаат законодавна, судска и извршна власт врз други институционални единици на одредена територија. Во рамки на секторот „држава" се вклучени потсекторите: централна влада; локална самоуправа; фондови за социјално осигурување.

**Депозитните институции, освен централната банка,** ги опфаќаат институциите чијашто примарна активност е финансиското посредување. Тие имаат обврски врз основа на депозити и финансиски инструменти, коишто се блиски супститути на депозитите. Во овој сектор се вклучуваат сите банки коишто добиле дозвола за основање и работење од гувернерот на Народната банка на Република Македонија, како и филијалите на странски банки коишто добиле дозвола за отворање и работење на територијата на Република Македонија.

**Останатите финансиски институции** ги опфаќаат недепозитните финансиски институции и другите финансиски посредници, како и осигурителните друштва и пензиските фондови.

**Нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.** Нефинансиските претпријатија ги опфаќаат институционалните единици (во јавна или приватна сопственост), чијашто примарна дејност е производството на стоки наменети за продажба и/или давање нефинансиски услуги. Домаќинствата се дефинираат како лица, или групи лица коишто делат исто сместување, го здружуваат доходот и богатството и коишто трошат одредени видови добра и услуги. Непрофитните институции коишто им служат на домаќинствата се институционалните единици чијашто основна дејност е обезбедување стоки и услуги на домаќинствата и на заедницата без надомест или по цени коишто се економски незначајни.

## Методолошки појаснувања за одделни ставки од платниот биланс

### ТЕКОВНА СМЕТКА

#### Стоки

Основен извор на податоци за надворешнотрговската размена на Република Македонија е царинската документација (ЕЦД), којашто се прибира од страна на Царинската управа на Република Македонија, а се обработува и се објавува од страна на Државниот завод за статистика на Република Македонија (ДЗСРМ) и НБРМ.

ДЗСРМ, согласно со Методологијата за евидентирање на надворешнотрговската размена во трговската статистика, ги објавува податоците за извозот на **ф.о.б.-основа**, а за увозот на **ц.и.ф.-основа**.

НБРМ, согласно со препораките на БПМ6, при евидентирање на стоките во платниот биланс врши приспособување за опфатот и класификацијата, и тоа за:

- опфатот: за вратените стоки и за стоките извезени/увезени од мигранти;

- класификацијата: за факторот **ц.и.ф./ф.о.б.** и доработките. Во платниот биланс извозот и увозот се прикажуваат на **ф.о.б.-основа**, поради што е неопходно приспособување на увозот на **ц.и.ф.-основа** за факторот **ц.и.ф./ф.о.б.**. Во периодот

од 1993 до 1997 година факторот **ц.и.ф./ф.о.б.** е утврден врз основа на просечните меѓународно определени стапки за пресметка на овие трошоци. Од 1998 година наваму, факторот **ц.и.ф./ф.о.б.** се пресметува по утврдена методологија којашто се заснова врз податоците од ЕЦД за транспорт и осигурување на паритетите со дестинација во Република Македонија приспособени за целокупниот увоз.

Дополнителна поткомпонента на ставката „стоки" претставуваат и работите на посредување. Основен извор на податоци за оваа ставка е платниот промет на банките со странство. Надоместот за посредувањето при купопродажбата на стоки се евидентира единствено на извозната страна, на бруто-основа, преку прикажување на купените стоки како негативен извоз и продадените стоки како извоз.

**Услуги**

***Производни услуги за доработка на стоки во туѓа сопственост:*** извор на податоците за доработка на стоки претставува единствениот царински документ (ЕЦД) за надворешнотрговската размена на Република Македонија.

***Транспорт:*** Податоците коишто се однесуваат на транспортот се од платниот промет на банките со странство и месечните извештаи - МИ. Постои можност за расчленување по видови транспорт (воздушен, поморски, железнички и патен) и по категории услуги (превоз на стоки, патници и останато). Приспособување се врши кај одливот на транспортни услуги (превоз на стоки) за делот од факторот **ц.и.ф./ф.о.б.** којшто се однесува на трошоците за превозни услуги извршени од нерезиденти.

***Туризам:*** Извор се податоците од платниот промет на банките со странство и месечните извештаи - МИ.

***Останати услуги***: Основен извор се податоците од платниот промет на банките со странство за извршените наплати од и плаќања кон нерезиденти по видови услуги: градежништво, осигурителни услуги, финансиски услуги, надомест за користење интелектуална сопственост, телекомуникациски, компјутерски и информациски услуги, други деловни услуги, лични, културни и рекреативни и владини услуги. Приспособување се врши кај одливот за осигурување за делот од факторот **ц.и.ф./ф.о.б.** којшто се однесува на трошоците за осигурување при превозот на стоки. Приспособување се врши кај услугите за финансиско посредување, преку прераспределување на дел од доходот од инвестиции, а врз основа на пресметка на извозот и увозот на услуги за финансиско посредување мерени индиректно (ФИСИМ). Како дополнителен извор на податоци за одделните видови услуги се користат податоци од месечните извештаи - МИ.

**Примарен доход**

Примарниот доход како компонента на платниот биланс произлегува од: надоместот за вработени (резиденти вработени кај нерезиденти и обратно) и доходот од инвестиции. Доходот од инвестиции претставува капитална добивка од директните инвестиции, портфолио-инвестициите, останатите инвестиции и резервни средства.

***Доход од директни инвестиции:*** Во податоците се опфатени дивидендите и распределената добивка, реинвестираната и нераспределена добивка, како и каматата од меѓукомпанискиот долг. Дивидендите за тековната година се прикажуваат во моментот на нивната исплата/наплата, додека за претходните години (почнувајќи од податоците за 2012 година) се прикажуваат во моментот на стекнувањето на правото на дивиденда. Извор на податоци за платените/наплатените дивиденди е платниот промет на банките со странство. Извор на податоци за реинвестираната добивка и дивидендите

декларирани за исплата за претходните години е Годишниот прашалник за директни инвестиции. Реинвестираната добивка за тековната година се проценува врз основа на резултатите од кварталниот извештај за остварениот и планираниот финансиски резултат во тековната година (КВС).

Дивидендата и каматата, во рамки на доходот од директните инвестиции, се поделени во зависност од видот на директната инвестиција: вложување на директниот инвеститор во претпријатието во кое се инвестира, повратно инвестирање (вложување на претпријатието со директна инвестиција во капиталот на директниот инвеститор) или вложувања помеѓу хоризонтално поврзани претпријатија.

***Доход од портфолио-инвестиции:*** оваа компонента вклучува дивиденди од капитал со исклучок на акции/удели во инвестициски фондови, доход од инвестиции којшто им припаѓа на сопствениците на акции/удели во инвестициски фондови и камата. До 2015 година, извор на податоци за платените и наплатените дивиденди е платниот промет на банките со странство,додека почнувајќи од јануари 2015 година за наплатените дивиденди од капитал како извор на податоци се користи извештајот за состојбата и промените на вложувањата во сопственички хартии од вредност и удели во инвестициски фондови (ВХВ – 1).

Каматата опфаќа податоци за наплатените камати од резидентни вложувања во странски должнички хартии од вредност и платените камати врз основа на вложувања на нерезиденти во домашни должнички хартии од вредност. Извор се податоците од платниот промет на банките со странство и извештајот ВХВ - 2 Извештај за состојбата и промените на вложувањата во должнички хартии од вредност, почнувајќи од 2015 година.

***Доход од останати инвестиции:*** Во податоците се опфатени наплатените и платените камати на депозити, како и пресметаната камата врз основа на краткорочни и долгорочни заеми. Извор се податоците од платниот промет на банките со странство и податоците од системот за известување за надворешниот долг и побарувањата НДНП, за заемите коишто задолжително се регистрираат во НБРМ. Кај каматата од депозити и заеми се врши приспособување преку прераспределување на еден дел од овој доход во ставката финансиски услуги, а врз основа на пресметка на извозот и увозот на услугите за финансиско посредување мерени индиректно (ФИСИМ).

**Резервни средства:** оваа компонента ги опфаќа пресметаните камати од вложување во странски должнички хартии од вредност во рамки на девизните резерви, како и наплатените камати од депозити во рамки на девизните резерви. Основен извор на податоци претставуваат извештаите на НБРМ за евиденцијата на официјалните девизни резерви.

**Секундарен доход**

***Трансфери на секторот држава:*** во најголем дел се однесуваат на парична и стоковна помош добиена од влади на странски држави и меѓународни организации. Извор на податоци за паричните трансфери е платниот промет на банките со странство, а за стоковните трансфери е царинската евиденција. Дополнителен извор на податоци за тековните даноци за доходе Годишниот прашалник ВС 22 за претходните години.

***Трансферите на секторите финансиски претпријатија, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата*** ги сочинуваат: личните трансфери (тековни трансфери помеѓу

резидентни и нерезидентни домаќинства) и останатите трансфери (откупената и продадената ефектива на менувачкиот пазар, тековни даноци за доход и богатство, социјални придонеси, социјални придобивки, премии и надомест на штета од осигурување и сл.). Основен извор на податоци е платниот промет на банките со странство и единствениот царински документ (ЕЦД), за трансферите во стока. Откупената и продадената ефектива на менувачкиот пазар согласно со Прирачникот БПМ6 треба да се класифицира во финансиската сметка на платниот биланс. Меѓутоа, со оглед на тоа дека голем дел од овие средства потекнуваат од наплатите на резиденти од нерезиденти за дадени стоки и услуги (сива економија) и примени трансфери во ефективни странски пари, овие трансакции се евидентираат како дел од тековната сметка на платниот биланс (секундарен доход).

## КАПИТАЛНА СМЕТКА

Во капиталната сметка се прикажува стекнувањето/ставањето на располагање на непроизведени нефинансиски средства и капитални трансфери, на бруто-основа, за кои основен извор на податоци е платниот промет на банките со странство, како и системот за известување за надворешниот долг и побарувањата (НДНП).

## ФИНАНСИСКА СМЕТКА (НЕТО-КРЕДИТИРАЊЕ/НЕТО-ЗАДОЛЖУВАЊЕ)

**Директни инвестиции:** Директните инвестиции се прикажуваат по принципот на средства и обврски. Во рамки на директните инвестиции одделно се прикажани вложувањата на директните инвеститори, повратното вложување и вложувањето помеѓу хоризонтално поврзани претпријатија. Директните инвестиции ги опфаќаат сопственичкиот капитал, реинвестирањето на добивката и должничките инструменти. Должничките инструменти ги опфаќаат трговските кредити, заемите и останатите должнички инструменти помеѓу поврзаните субјекти. Од должничките инструменти помеѓу поврзани субјекти се исклучуваат побарувањата и обврските помеѓу депозитните институции и останатите финансиски институции (со исклучок на пензиските фондови и осигурителните друштва) и тие се прикажуваат во соодветниот финансиски инструмент.

Извор на податоци за паричните влогови е системот за известување за платниот промет на банките со странство (ППС), а за стоковните влогови е единствениот царински документ (ЕЦД) за надворешнотрговската размена на Република Македонија. За реинвестираната добивка за тековната година се прават проценки врз основа на резултатите од Кварталниот извештај за остварениот и планираниот финансиски резултат во тековната година (КВС) и врз основа на остварениот финансиски резултат во претходната година. Податоците за претходните години се ревидираат на годишна основа, при што како главен извор се користи Годишниот прашалник за вложувања во/од странство(ВС 11 и ВС 22). Извор на податоци за заемите во рамките на должничките инструменти е системот за известување за надворешниот долг и побарувањата (НДНП), додека како извор на податоци за трговските кредити се користат кварталните извештаи за побарувања и обврски врз основа на комерцијално работење на резидентите со странство (КИПО). За останатите побарувања и обврски на меѓусебно поврзаните субјекти, како извор на податоци се користи Прашалникот за известување за договорен откуп на обврски и побарувања (ПОЗ) и Годишниот прашалник за вложувања во/од странство(ВС 11 и ВС 22).

**Портфолио-инвестиции:** До 2015 година, извор на податоци за портфолио-инвестициите, на страната на средствата, е платниот промет на банките со странство. Почнувајќи од јануари 2015 година како извор на податоци се користи извештајот за состојбата и промените на вложувањата во сопственички хартии од вредност и удели во инвестициски фондови (ВХВ – 1) и извештајот за состојбата и промените на вложувањата во должнички хартии од вредност (ВХВ – 2). Главен извор на податоци за портфолио-инвестициите на страната на обврските е платниот промет на банките со странство.

**Останати инвестиции:**

**Останат сопственички капитал:** Останатиот сопственички капитал ги опфаќа вложувањата во удели во претпријатија под 10%. Извор на податоци е платниот промет на банките со странство.

***Валути и депозити:*** Податоците се однесуваат првенствено на промените на девизните средства и девизните обврски на банките. Извор на податоци се месечните банкарски извештаи - КНБИФО и платниот промет на банките со странство. Промените на девизните средства и обврски на банките се искажани со делумно исклучување на меѓувалутарните промени. Промените на девизните средства на населението ја опфаќаат нето положената ефектива на девизни сметки на граѓаните во банкарскиот систем намалена за увозот на стоки од физички лица. Извор на податоци за нето положената ефектива на девизни сметки е платниот промет на банките со странство, а за увозот на стоки од физички лица се царинските декларации. Како дополнителен извор на податоци за валутите и депозитите на останатите сектори се користат податоци за трансакциите преку сметките во странство на останатите сектори за кои Народната банка издала одобрение согласно со важечките прописи (месечните извештаи - МИ).

***Заеми:*** Во категоријата „заеми" се прикажуваат користењата и отплатите врз основа на долгорочни и краткорочни заеми. Извор на податоци е системот за известување за надворешниот долг и побарувањата (НДНП).

***Трговски кредити и аванси:*** Краткорочните трговски кредити и аванси (како нето-обврски на трговски кредити одобрени во странство и примени од странство) претставуваат разлика помеѓу физичката размена на стоки и услуги и наплатите, односно плаќањата за нив. Податоците за трговските кредити како проценка се изведени од податоците за стоковната размена од царинските документи и извршените наплати и плаќања од платниот промет врз основа на извоз и увоз на стоки, како и од месечните извештаи за промените на евидентните сметки - МИ. Доколку вредноста на физичкиот извоз е поголема од вредноста на наплатениот извоз, разликата се евидентира како одобрен трговски кредит. Ако вредноста на увезената стока е поголема од плаќањето врз основа на увоз на стоки, разликата се евидентира како примен трговски кредит. Извор на податоци за долгорочните трговски кредити е системот за известување за надворешниот долг и побарувањата (НДНП).

**Девизни резерви:** Трансакциите се пресметуваат како промена во состојбата на одделни компоненти на девизните резерви, со исклучување на курсните разлики и ценовните промени. Извор на податоци се извештаите на НБРМ.

**Табели бр.24 и 25 Надворешно-трговска размена**

Извор на податоци за надворешно-трговската размена е ДЗСРМ. Податоците за стоковната размена на Република Македонија со странство се подготвуваат согласно основните статистички стандарди, дефиниции и препораки на ООН за концептите и дефинициите на статистиката на надворешната трговија. Податоците за извозот се објавуваат на **ф.о.б.** а за увозот на **ц.и.ф.** основа.

**Табели бр.26 и 27 Состојба на странски директни инвестиции**

Начинот на пресметување и прикажување на странските директни инвестиции (СДИ) во меѓународни рамки се базира на методолошките препораки на Прирачникот на ММФ (Balance of Payments and International Investment Position Manual, sixth edition (BPM6), 2009, IMF) и Прирачникот на OECD (OECD Benchmark Definition of Foreign Direct Investment-4$^{th}$ Edition).

Согласно со меѓународните и европските стандарди, податоците за **состојбата** на директните инвестиции ги вклучуваат средствата и обврските врз основа на:

- сопственичкиот капитал (вклучително и реинвестирањето на добивката) и
- должничките инструменти, коишто ги опфаќаат средствата и обврските од/кон поврзаните претпријатија во странство, и тоа:
  - заемите на меѓусебно поврзаните субјекти;
  - трговските кредити и аванси на меѓусебно поврзаните субјекти; и
  - средствата и обврските врз основа на останатите должнички инструменти на меѓусебно поврзаните субјекти.

За поткатегоријата **сопственички капитал**, основен извор на податоци се годишните прашалници за вложувањата во земјата и странство (ВС-22 за вложувањата во земјата и ВС-11 за вложувањата во странство).

**Реинвестирањето на добивката** методолошки вклучува:

- дел од добивката распоредена во капитал;
- дел од добивката распоредена во резерви;
- дел од добивката распоредена за покривање на загубите од изминатиот период;
- нераспоредена добивка; и
- непокриена загуба.

За поткатегоријата **должнички инструменти** се користат следниве извори податоци:

- за заемите на меѓусебно поврзаните субјекти се користат системот за известување за надворешниот долг (НД) и системот за известување за надворешните побарувања (НП);
- за трговските кредити и аванси на меѓусебно поврзаните субјекти се користат податоците од кварталните извештаи за побарувањата и обврските врз основа на комерцијално работење на резидентите со странство (КИПО);
- за останатите средства и обврски на меѓусебно поврзаните субјекти како извор на податоци се користат прашалникот за известување за договорениот откуп на обврски и побарувања (ПОЗ) и податоците од годишните прашалници за вложувањата во земјата и странство (ВС 22 и ВС 11).

**Табели бр.28 и 29 Меѓународна инвестициска позиција**

Меѓународната инвестициска позиција (МИП) претставува статистички извештај којшто ги прикажува состојбата и структурата на финансиските побарувања (средства) на резидентите од нерезиденти и финансиските обврски на резидентите кон нерезиденти, коишто произлегуваат од нивното меѓусебно работење. Со други зборови, МИП претставува биланс на состојба на меѓународните финансиски средства и обврски на една земја на определен датум.

Овој извештај дава можност за оценка на финансиската состојба на земјата, како и на економската интеграција на домашната економија во меѓународни рамки.

Меѓународните финансиски средства на земјата ги сочинуваат побарувањата од директни инвестиции, портфолио-инвестиции, инвестиции во финансиски деривати, останати инвестиции (во вид на останат сопственички капитал, валути и депозити, одобрени заеми, трговски кредити и аванси, шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции и останати сметки за наплата) и официјални девизни резерви.

Меѓународните финансиски обврски на земјата ги сочинуваат обврските врз основа на директни инвестиции, портфолио-инвестиции, инвестиции во финансиски деривати и останати инвестиции (во вид на останат сопственички капитал, валути и депозити, одобрени заеми, трговски кредити и аванси, шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, останати сметки за плаќање и распределба на специјалните права на влечење).

*Нето меѓународната инвестициска позиција* се дефинира како разлика помеѓу вкупните меѓународни финансиски средства и обврски.

## *Компоненти на МИП*

***Извештајот за МИП*** содржи стандардни компоненти класифицирани на три нивоа:

*Првото ниво* на класификација е поделбата на *средства и обврски*.

*Второто ниво* на класификација е поделбата според функционалните категории, што во целост се совпаѓа со финансиската сметка на платниот биланс. Согласно со оваа класификација, средствата и обврските се делат на: директни инвестиции, портфолио-инвестиции, финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции, останати инвестиции и девизни резерви (само на страната на средствата).

1. *Директните инвестиции* ја одразуваат целта за остварување долгорочен интерес помеѓу директниот инвеститор (резидент од една економија) и претпријатието во кое се инвестира (резидент на друга економија). Директните инвестиции ги опфаќаат вложувањата со кои инвеститорот има намера да воспостави долгорочна трајна економска поврзаност и/или да оствари право на управување со правното лице во кое инвестира. Притоа, како критериум за дефинирање на директните инвестиции, согласно со меѓународните препораки и стандарди, се користи минимално учество од 10% (директно или индиректно) во капиталот. Директните инвестиции, покрај првичната

трансакција на вложување, во себе ги вклучуваат и сите последователни инвестирања помеѓу директниот инвеститор и претпријатието во кое се инвестира.

Исто така, во оваа категорија е опфатено и повратното вложување (вложување на претпријатието со директна инвестиција во капиталот на директниот инвеститор од под 10%) и вложувањето помеѓу хоризонтално поврзаните претпријатија во рамки на иста групација (од под 10%). Директните инвестиции се составени од: сопственички капитал и акции/удели во инвестициски фондови (вклучително и реинвестирање добивка) и меѓукомпаниски долг на поврзаните субјекти. Од меѓукомпанискиот долг на поврзаните субјекти се исклучуваат побарувањата и обврските помеѓу депозитните институции и останатите финансиски институции (со исклучок на пензиските фондови и осигурителните друштва) и тие се прикажуваат во соодветниот финансиски инструмент.

2. *Портфолио-инвестициите* ги опфаќаат вложувањата во сопственички капитал, односно сопственички хартии од вредност и акции/удели во инвестициски фондови каде што инвеститорот поседува помалку од 10% од акционерскиот капитал, како и вложувањата во должнички хартии од вредност.

3. *Финансиските деривати (освен резервите) и опциите на вработените за купување акции* се финансиски инструменти коишто во себе вклучуваат специфични финансиски ризици поврзани со определен т.н. основен финансиски инструмент, показател или стока, а со кои на финансиските пазари може да се тргува независно од основниот инструмент. Притоа, вредноста на финансискиот дериват е изведена од вредноста на основниот финансиски инструмент.

4. *Останатите инвестиции* ги опфаќаат средствата и обврските врз основа на останат сопственички капитал, валути и депозити, заеми, шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, трговски кредити и аванси и останати сметки за наплата/плаќање и распределбата на специјалните права на влечење.

- останат сопственички капитал - ги опфаќа вложувањата во удели во претпријатија (коишто не се акционерски друштва) под 10%;

- валути и депозити - валутите се побарувања од централната банка којашто ги издала банкнотите и монетите, од страна на нерезиденти кои располагаат со нив. Обврските врз основа на депозити се обврски на депозитните институции коишто примаат депозити од нерезиденти, додека побарувањата врз основа на депозити настануваат врз основа на средства депонирани кај нерезидентни депозитни институции;

- заеми - побарувања или обврски коишто настануваат со директно позајмување финансиски средства (пари) од страна на кредиторот на должникот врз основа на договор за кредит;

- шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции – обврски врз основа на резерви, права и одредби на осигурителното друштво, пензискиот фонд или издавачот на стандардизираните гаранции кон имателите на полиси или корисниците.

- трговски кредити и аванси - побарувања или обврски коишто произлегуваат од директно одобрување кредит од добавувач (испорачател) врз основа на промет

на стоки и услуги, авансни плаќања од купувачот на стоки и услуги и изведување работи;

- останати сметки за наплата/плаќање - настануваат врз основа на должнички инструменти коишто не се вклучени во претходните групи;

- специјални права на влечење (нето-создавање обврски) – обврски врз основа на распределба на специјални права на влечење на членките на ММФ.

5. *Девизните средства* ги опфаќаат средствата коишто ѝ се веднаш расположливи на монетарната власт и се контролирани од монетарната власт, а служат за директно финансирање на нерамнотежата во платниот биланс и индиректно регулирање на таквата нерамнотежа преку интервенција на девизниот пазар, со цел да се влијае врз девизниот курс и/или за други цели.

*Третото ниво* на класификација е поделба на одделните финансиски инструменти по институционални сектори.

Институционалните единици се групирани во повеќе институционални сектори. Класификацијата во институционалните сектори се однесува само на резидентните единици. Поделбата на институционални сектори е во согласност со секторите и потсекторите наведени во СНА 2008[3], но се прикажуваат на повисоко ниво на агрегација.

Резидентите се класифицираат во следните основни сектори и потсектори:

- Централна банка *(монетарна власт)*;
- *Депозитни инстит*уции, освен централната банка;
- *Држава*;
- Останати сектори, поделени на:
  - Останати финансиски институции и
  - Нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

**Централната банка** е Народната банка на Република Македонија.

**Државата** е претставена преку институционалните единици коишто се формирани преку политички процеси и имаат законодавна, судска и извршна власт врз други институционални единици на одредена територија. Секторот „држава" ги опфаќа следниве потсектори:

- Централна влада;
- Локална самоуправа;
- Фондови за социјално осигурување.

**Депозитните институции, освен централната банка,** ги опфаќаат институциите чијашто примарна активност е финансиското посредување. Тие имаат обврски врз основа на депозити и финансиски инструменти, коишто се блиски супститути на депозитите. Во овој сектор се вклучуваат сите банки коишто добиле дозвола за основање и работење од гувернерот на Народната банка на Република Македонија, како

[3] Систем на национални сметки 2008, Европска комисија, Меѓународен монетарен фонд, Организација за економска соработка и развој, Обединети нации, Светска банка, 2009.

и филијалите на странски банки коишто добиле дозвола за отворање и работење на територијата на Република Македонија.

**Останати финансиски институции** ги опфаќаат недепозитните финансиски институции и другите финансиски посредници, како и осигурителните друштва и пензиските фондови.

**Нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.** Нефинансиските претпријатија ги опфаќаат институционалните единици (во јавна или приватна сопственост), чијашто примарна дејност е производството на стоки и/или давање нефинансиски услуги, наменети за продажба. Домаќинствата се дефинираат како лица, или групи лица коишто делат исто сместување, го здружуваат доходот и богатството и коишто потрошуваат одредени видови добра и услуги, заедно. Непрофитните институции коишто им служат на домаќинствата се институционалните единици чијашто основна дејност е обезбедување стоки и услуги на домаќинствата и на заедницата без надомест или по цени коишто се економски незначајни.

Натаму, одделните компоненти во рамките на „останатите инвестиции" (валути и депозити, заеми, трговски кредити и аванси и останати сметки за наплата/плаќање) се класифицирани и според рочноста на: краткорочни (со рок на достасување до една година) и долгорочни (со рок на достасување над една година).

## Вреднување на инструментите во рамки на функционалните категории

Во рамки на годишната МИП, *директните инвестиции* се вреднуваат по книговодствена вредност. *Портфолио-инвестициите, на страната на средствата и обврските,* се вреднуваат по пазарна цена, со исклучок на сопственичкиот капитал и акциите/уделите во инвестициските фондови коишто на *страната на обврските* се вреднуваат по книговодствена вредност.

Останатите инструменти се вреднуваат по номиналната вредност.

## Извори на податоци и методолошки појаснувања за одделни ставки од меѓународната инвестициска позиција

Меѓународната инвестициска позиција (МИП) е комплексен статистички извештај којшто се изготвува врз основа на податоците што Народната банка ги прибира преку посредно или непосредно известување.

*Директни инвестиции*

Во рамки на директните инвестиции одделно се прикажани вложувањата на директните инвеститори, повратното вложување и вложувањето помеѓу хоризонтално поврзаните претпријатија. Директните инвестиции ги опфаќаат сопственичкиот капитал (вклучително и реинвестираната добивка) и должничките инструменти. Должничките инструменти ги опфаќаат трговските кредити, заемите и останатите должнички инструменти помеѓу поврзаните субјекти. Од должничките инструменти помеѓу поврзаните субјекти се исклучуваат побарувањата и обврските помеѓу депозитните

институции и останатите финансиски институции (со исклучок на пензиските фондови и осигурителните друштва) и тие се прикажуваат во соодветниот финансиски инструмент.

- За поткатегоријата сопственички капитал и акции/удели во инвестициски фондови, за изготвување на годишната МИП, се користат податоците од годишните прашалници за состојбата и прометот на поврзаните субјекти (ВС 22 и ВС 11). За изготвување на кварталната МИП, состојбата се пресметува со додавање на тековите од платниот биланс за тековниот квартал на состојбата на сопственичкиот капитал и акциите/уделите во инвестициски фондови на крајот од претходниот квартал;

- За поткатегоријата должнички инструменти, за заемите на меѓусебно поврзаните субјекти се користи системот за известување за надворешниот долг (НД) и системот за известување за надворешните побарувања (НП), додека за трговските кредити и аванси на меѓусебно поврзаните субјекти се користат податоците од кварталните извештаи за побарувања и обврски врз основа на комерцијално работење на резидентите со странство (КИПО). Како дополнителен извор се користи и Прашалникот за известување за договорен откуп на обврски и побарувања (ПОЗ).

*Портфолио-инвестиции*

За поткатегоријата сопственички капитал и акции/удели во инвестициски фондови:

- на страната на средствата:
  - за изготвување на годишната и кварталната МИП, главно се користат податоци за пазарната вредност на поседуваните странски хартии од вредност тргувани на странски пазари од страна на резидентите овластени за учество на странски пазари на капитал добиени од Извештајот за состојбата и промените на вложувањата во сопственички хартии од вредност и удели во инвестициски фондови (ВХВ-1);

- на страната на обврските:
  - до 2016 година, извор на податоци за портфолио инвестициите за изготвување на годишната МИП за депозитните институции и останатите сектори се податоците од годишниот прашалник за состојбата и прометот на поврзаните субјекти (ВС 22). Почнувајќи од 2017 година како извор на податоци за вложувањата во сопственички хартии од вредност е Централниот депозитар за хартии од вредност (ЦДХВ);
  - за изготвување на кварталната МИП за депозитните институции и за останатите сектори, состојбата се пресметува со додавање на тековите од платниот биланс за тековниот квартал на состојбата на сопственичкиот капитал и акциите/уделите во инвестициски фондови на крајот од претходниот квартал.

За поткатегоријата должнички хартии од вредност, за изготвување на годишната и кварталната МИП се користат податоци од исти извори:

- на страната на средствата:
  - за изготвување на годишната и кварталната МИП, главно се користат податоци за пазарната вредност на поседуваните странски хартии од вредност тргувани на странски пазари од страна на резидентите овластени за учество на странски пазари на капитал, добиени од Извештајот за

состојбата и промените на вложувањата во должнички хартии од вредност (ВХВ-2);

- на страната на обврските:
    - во делот на должничките хартии од вредност издадени во земјата и купени од нерезиденти се користат податоци од Централниот депозитар на хартии од вредност и од Македонската берза на хартии од вредност за утврдување на пазарната цена на хартиите од вредност, додека во делот на должничките хартии од вредност издадени во странство и купени од нерезиденти се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (НД), податоци за пазарната вредност на издадените должнички хартии од вредност на датумот на состојбата на долгот, како и месечнотоизвестување за поседуваните хартии од вредност тргувани на странски пазари коешто го доставуваат резидентите овластени за учество на странски пазари на капитал на страната на средствата.

*Останати инвестиции*

*Останат сопственички капитал*

- За изготвување на годишната МИП се користат податоците од годишните прашалници за состојбата и прометот на поврзаните субјекти (ВС 22 и ВС 11). За изготвување на кварталната МИП, состојбата се пресметува со додавање на тековите од платниот биланс за тековниот квартал на останатиот сопственички капитал на крајот од претходниот квартал.

*Валути и депозити*

- За годишната и кварталната МИП за депозитните институции се користат податоци од банкарските извештаи за состојбата на средствата и обврските (КНБИФО), поточно месечни извештаи за сметководствената состојба на сметките од комерцијалните банки, додека за останатите сектори се користат податоци од месечните извештаи за состојбата на редовните сметки на резидентите во странство (извештаи МИ). За централната банка, за валутите и депозитите коишто не влегуваат во категоријата девизни резерви, се користат податоци од извештаите на НБРМ за состојбата и структурата на девизните средства.

*Заеми*

- За годишната и кварталната МИП за категоријата заеми се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (НД) и системот за известување за надворешните побарувања (НП), како и извештаите на НБРМ за состојбата на официјалните девизни резерви на Република Македонија. Како дополнителен извор се користи и Прашалникот за известување за договорен откуп на обврски и побарувања (ПОЗ).

*Трговски кредити и аванси*

- За поткатегоријата долгорочни трговски кредити, за годишната и кварталната МИП се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (НД) и системот за известување за надворешните побарувања (НП);

- За поткатегоријата краткорочни трговски кредити, за годишната и кварталната МИП се користат податоци од кварталните извештаи за побарувањата и обврските врз основа на комерцијално работење на резидентите со странство (КИПО).

*Специјални права на влечење*

- За годишната и кварталната МИП се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (НД).

*Девизни резерви*

- За годишната и кварталната МИП се користат податоци од извештаите на НБРМ за состојбата и структурата на официјалните девизни резерви на Република Македонија.

## Табели бр.30-32 Бруто надворешен долг, Бруто надворешни побарувања и Нето надворешен долг

### *Општи методолошки објаснувања*

Евидентирањето и следењето на надворешниот долг и надворешните побарувања го врши Народната банка на Република Македонија (во продолжение: Народната банка), како надлежна институција согласно со Законот за Народната банка на Република Македонија и Законот за девизно работење.

Ова статистичко истражување содржи стандардни извештаи за бруто надворешниот долг, бруто надворешните побарувања и нето надворешниот долг, коишто согласно со Прирачникот за статистика на надворешен долг[4] се дефинирани на следниов начин:

**- Бруто надворешниот долг** во даден момент е еднаков на износот на тековните и безусловни обврски коишто бараат плаќања на главнина и/или камата од страна на должникот во некое идно време и коишто се должат кон нерезиденти од страна на резидентите на една економија. Согласно со ваквата дефиниција, бруто надворешниот долг претставува состојба на одреден ден на сите идни обврски на резидентите кон нерезидентите, што вклучува обврски врз основа на главнина, достасани неплатени обврски врз основа на главнина и камата, акумулирана камата како и пресметана задоцнета камата, независно од видот на инструментот и рочноста;

**- Бруто надворешните побарувања** се состојба на сите тековни и безусловни побарувања врз основа на должнички инструменти коишто ги имаат резидентите од нерезиденти. Во основа, дефиницијата за бруто надворешните побарувања е идентична со дефиницијата за бруто надворешниот долг, со оглед на фактот дека побарувањата на една економија претставуваат долг на друга економија;

**- Нето надворешниот долг** е дефиниран како разлика помеѓу состојбата на бруто надворешниот долг и бруто надворешните побарувања. Нето надворешниот долг, во својата структура е идентичен со бруто надворешниот долг, при што стандардната презентација се состои од поделба по институционални сектори, рочности и инструменти на долгот.

---

[4] External Debt Statistics: Guide for Compilers and Users, IMF, 2013.

Согласно со Прирачникот, податоците се прикажуваат за основните институционални сектори во економијата, како прво ниво на класификација. Поделбата на институционални сектори е во согласност со секторите и потсекторите наведени во СНА 2008 и се однесуваат само на резидентните единици.

Резидентите се класифицираат во следниве основни сектори:

- Држава,
- Централна банка,
- Депозитни институции, освен централната банка, и
- Останати сектори

**Државата** е претставена преку институционалните единици коишто се формирани преку политички процеси и имаат законодавна, судска и извршна власт врз други институционални единици на одредена територија. Во рамки на секторот „држава" се вклучени потсекторите: централна влада; локална самоуправа; фондови за социјално осигурување.

**Централната банка** е Народната банка на Република Македонија.

**Депозитните институции, освен централната банка** се институциите чијашто примарна активност е финансиското посредување. Тие имаат обврски врз основа на депозити и финансиски инструменти, коишто се блиски супститути на депозитите. Во овој сектор се вклучуваат сите банки коишто добиле дозвола за основање и работење од гувернерот на Народната банка на Република Македонија, како и филијалите на странски банки коишто добиле дозвола за отворање и работење на територијата на Република Македонија.

**Останатите сектори** ги опфаќаат останатите финансиски институции (недепозитните финансиски институции и другите финансиски посредници, како и осигурителните друштва и пензиските фондови), нефинансиските претпријатија, домаќинствата и непрофитните институции коишто им служат на домаќинствата.

Покрај податоците за четирите основни институционални сектори, во рамки на статистиката на надворешниот долг и надворешните побарувања посебно се прикажуваат податоците за меѓусебно поврзаните субјект, во рамки на делот „Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија". Притоа, податоците се прикажуваат согласно со видот на капиталната поврзаност со нерезидентите за:

- претпријатијата со директни инвестиции кон директни инвеститори;
- директните инвеститори кон претпријатија со директни инвестиции;
- хоризонтално поврзаните претпријатија во рамките на групацијата.

Од должничките инструменти помеѓу поврзаните субјекти се исклучуваат побарувањата и обврските помеѓу депозитните институции и останатите финансиски институции (со исклучок на пензиските фондови и осигурителните друштва) коишто се прикажуваат кај соодветниот финансиски инструмент.

Издвоеното прикажување на податоците за меѓусебно поврзаните субјекти е значајно заради обезбедување компатибилност и конзистентност со Извештајот за

меѓународната инвестициска позиција, каде што овие обврски на меѓусебно поврзаните субјекти се дел од категоријата „директни инвестиции" (должнички инструменти).

Понатаму, <u>второ ниво</u> на класификација е поделбата според рочноста, на краткорочни (со рок на достасување до една година) и долгорочни (со рок на достасување над една година).

<u>Третото ниво на класификација</u> е поделбата според видот на финансиските инструменти.

Согласно со Прирачникот, основни видови финансиски инструменти се:

- **валутите и депозитите** (валутите се побарувања од монетарната власт којашто ги издала банкнотите и монетите, од страна на нерезидентите кои располагаат со нив; обврските врз основа на депозити се обврски на финансиските институции коишто примаат депозити од нерезиденти, додека побарувањата врз основа на депозити настануваат од средствата депонирани кај нерезидентни финансиски институции);

- **должничките хартии од вредност** (креирање долг или побарувања преку емисија/купување хартии од вредност како дел од портфолио-инвестициите во земјата со кои се тргува на организирани финансиски пазари, како и преку шалтер);

- **заемите** (побарувања или обврски коишто настануваат со директно позајмување финансиски средства од страна на кредиторот на должникот врз основа на договор за кредит);

- **трговските кредити и аванси** (побарувања или обврски коишто произлегуваат од директно одобрување кредит од добавувач (испорачател) врз основа на промет на стоки и услуги, авансни плаќања од купувачот на стоки и услуги и изведување работи);

- **останато** (останатите побарувања и обврски настануваат врз основа на должнички инструменти коишто не се вклучени во претходните групи. Довтасаните неплатени обврски повеќе не се дел од овој инструмент и тие се прикажуваат во рамки на соодветниот финансиски инструменти); и

- **специјални права на влечење (СПВ)** (овој инструмент се однесува само на обврските на централната банка врз основа на задолжувањето кон Меѓународниот монетарен фонд преку распределба на специјални права за влечење (СПВ), како и на девизните средства изразени во СПВ).

**Извори на податоци и методологија за изготвување на бруто надворешниот долг и бруто надворешните побарувања на Република Македонија**

**Извори на податоци за секторот „држава":**

На страната на бруто надворешниот долг:

- за инструментот *должнички хартии од вредност*, во делот на долгот според должничките хартии издадени во странство и купени од нерезиденти, се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (НД), како и податоци за пазарната вредност на издадените должнички хартии од вредност на датумот на состојбата на долгот. За долгот врз основа на должничките хартии од вредност издадени во земјата и купени од нерезиденти се користат податоци од Централниот депозитар на хартии од вредност и од Македонската берза на хартии од вредност за утврдување на пазарната цена на хартиите од вредност;

- за инструментот *заеми и долгорочни трговски кредити* се користат податоци од: системот за известување за надворешниот долг (НД) - кредитна евиденција којашто се води во НБРМ и којашто произлегува од поединечно евидентирање на обврските врз основа на одделни кредитни работи со сите основни елементи. Оваа евиденција овозможува добивање податоци за состојбата на надворешниот долг, користењата, отплатите, износот на достасаните неплатени обврски за одредена кредитна работа како и пресметување на акумулираната камата и сл.

На страната на бруто надворешните побарувања:

- за инструментот *заеми* се користи системот за известување за надворешните побарувања (НП) - кредитна евиденција којашто се води во НБРМ и којашто произлегува од поединечно евидентирање на побарувањата врз основа на одделни кредитни работи со сите основни елементи. Оваа евиденција обезбедува податоци за состојбата на побарувањата, одобрувањата, наплатите, износот на достасаните ненаплатени побарувања за одредена кредитна работа, акумулираната камата и сл.

**Извори на податоци за секторот „централна банка“:**

На страната на бруто надворешниот долг:

- за инструментот *заеми* - се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (НД), како и извештаите на НБРМ за состојбата на девизните резерви на Република Македонија;

- за инструментот *специјални права на влечење* се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (НД) и претставува задолжување на Народната банка на Република Македонија кон Меѓународниот монетарен фонд преку распределба на специјални права за влечење (СПВ).

На страната на бруто надворешните побарувања:

- за инструментите *валути и депозити, должнички хартии од вредност* и *поседувани СПВ* се користат податоци од извештаите на НБРМ за состојбата и структурата на официјалните девизни резерви на Република Македонија.

**Извори на податоци за секторот „депозитни институции, освен централната банка“:**

На страната на бруто надворешниот долг:

- за инструментот *валути и депозити* се користат податоци од банкарските извештаи за состојбата на средствата и обврските (КНБИФО);

- за инструментот *заеми* се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (НД) и Прашалникот за известување за договорен откуп на обврски и побарувања (ПОЗ).

На страната на бруто надворешните побарувања:

- за инструментот *валути и депозити* се користат податоци од банкарските извештаи за состојбата на средствата и обврските (КНБИФО);

- за инструментот должнички хартии од вредност, во делот на странските должнички хартии од вредност издадени во странство и купени од резиденти, се користат податоците за пазарната вредност на купените должнички хартии од вредност на датумот на состојбата на долгот, добиени од резидентите овластени за учество на странски пазари на капитал (Извештај за состојбата и промените на вложувањата во должнички хартии од вредност ВХВ2);

- за инструментот *заеми* се користат податоци од системот за известување за надворешните побарувања (НП) и Прашалникот за известување за договорен откуп на обврски и побарувања (ПОЗ).

**Извори на податоци за останатите сектори:**

На страната на бруто надворешниот долг:

- за инструментот *заеми* се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (НД) и Прашалникот за известување за договорен откуп на обврски и побарувања (ПОЗ);

- за инструментот *краткорочни трговски кредити и аванси* се користат податоци од кварталните извештаи за побарувањата и обврските врз основа на комерцијално работење на резидентите со странство (КИПО);

- за инструментот *долгорочни трговски кредити* се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (НД).

На страната на бруто надворешните побарувања:

- за инструментот *валути и депозити* се користат податоците за состојбите на сметките во странство на останатите сектори за кои Народната банка издала одобрение согласно со важечките прописи (месечните извештаи - МИ);

- за инструментот *должнички хартии од вредност*, во делот на странските должнички хартии од вредност издадени во странство и купени од резиденти, се користат податоците за пазарната вредност на купените должнички хартии од вредност на датумот на состојбата на долгот, добиени од резидентите овластени за учество на странски пазари на капитал (Извештај за состојбата и промените на вложувањата во должнички хартии од вредност ВХВ2);

- за инструментот *заеми* се користат податоци од системот за известување за надворешните побарувања (НП) и Прашалникот за известување за договорен откуп на обврски и побарувања (ПОЗ);

- за инструментот *краткорочни трговски кредити и аванси* се користат податоци од кварталните извештаи за побарувањата и обврските врз основа на комерцијално работење на резидентите со странство (КИПО);

- за инструментот *долгорочни трговски кредити* се користат податоци од системот за известување за надворешните побарувања (НП).

**Извори на податоци за меѓусебно поврзаните субјекти - директни инвестиции:**

Како основен извор на податоци за обврските и побарувањата на меѓусебно поврзаните субјекти се користат:

- за заемите на меѓусебно поврзаните субјекти се користи системот за известување за надворешниот долг (НД), системот за известување за надворешните побарувања (НП) и Прашалникот за известување за договорен откуп на обврски и побарувања (ПОЗ), каде што постои можност за утврдување на меѓусебната поврзаност на кредиторите и должниците;

- за трговските кредити и аванси на меѓусебно поврзаните субјекти се користат податоците од кварталните извештаи за побарувањата и обврските врз основа на комерцијално работење на резидентите со странство (КИПО);

- за побарувањата и обврските по други основи како дополнителен извор на податоци се користат податоците од годишните прашалници за состојбата и прометот на поврзаните субјекти (ВС 22 и ВС 11).

**Податоци за јавниот и приватниот долг**

Во ставките за меморандум од стандардниот извештај за бруто надворешниот долг и бруто надворешните побарувања одделно се прикажани податоци за надворешниот долг/побарувања на јавниот и приватниот сектор.

Јавниот сектор ја вклучува Владата на Република Македонија, Народната банка, јавните нефинансиски трговски друштва и јавните банки.

Владата на Република Македонија се состои од јавните власти и нивните агенции. Тоа се институции коишто ја извршуваат законодавната, судската и извршната власт на територијата на една држава. Владата се состои од:

- владините единици на сите нивоа - централна и локална власт;
- сите социјални фондови на сите нивоа на владата;
- сите непазарни непрофитни институции коишто се контролирани или финансирани од владините институции.

Народната банка на Република Македонија е централната банка на Република Македонија.

Јавно трговско друштво е нефинансиско трговско друштво коешто е контролирано од владините институции, при што под контрола се подразбира можноста

да се одредува политиката на управување со претпријатието преку назначување директори; преку сопственост од над 50% од гласачкото тело; или преку специјален акт, декрет или регулатива со кој се овозможува владата да ја одредува деловната политика или да назначува раководни лица.

Јавни банки се банките основани и контролирани од владата, но се институционално одвоени од неа.

Приватниот сектор ги вклучува сите останати резиденти, поделени на приватни депозитни институции и небанкарски приватен сектор.

**Метод на вреднување**

Од аспект на вреднувањето, за сите инструменти се користи номиналната вредност, освен за должничките хартии од вредност, каде што долгот се прикажува по пазарната вредност. Ова во целост е во согласност со начинот на нивното прикажување во рамките на меѓународната инвестициска позиција на земјата.

Состојбата ги вклучува и износите на акумулирана камата (accrual).

Податоците за состојбата на долгот, плановите на отплата, достасаните неплатени обврски, акумулираната камата и склучените кредитни работи се пресметуваат во извештајните валути по средниот курс на Народната банка на датумот на пресекот. Тековите врз основа на надворешниот долг, повлечените средства и отплатите се курсираат по средниот курс на Народната банка на датумот на настанувањето на трансакциите. Промените во состојбите помеѓу два извештајни периода можат да произлезат од трансакции, ценовни и/или курсни промени и останати промени во обемот.

**Табела бр.33 Девизни резерви**

Податоците се однесуваат на состојбата на девизните резерви и другите девизни средства на НБРМ на определен датум.

Девизните средства се дефинираат како средства коишто ѝ се веднаш расположливи на монетарната власт и контролирани од монетарната власт, а служат за финансирање на платниот биланс преку интервенција на девизниот пазар со цел да се влијае врз девизниот курс и/или за други цели.

Девизните резерви како средства со кои располагаат и се контролирани од страна на монетарните власти, се состојат од: монетарно злато, специјални права на влечење (SDR-Special Drawing Rights), резервна позиција кај ММФ и девизни резервни средства.

Одделните компоненти на девизните резерви се дефинирани целосно во согласност со методологијата на Меѓународниот монетарен фонд (Прирачник за платен биланс и меѓународна инвестициска позиција, шесто издание).

Состојбата на девизните резерви се пресметува по средниот курс на НБРМ на денот за кој се објавуваат податоци.

**Монетарно злато**

***Злато***: Категоријата „монетарно злато" го опфаќа златото со кое ракува НБРМ, а кое се состои од монетарно злато што се наоѓа во трезорот на НБРМ, златниправчки, монетарно злато депонирано во странски банки и монетарно злато на пат.

***Депозити во злато***: Депозитите во злато го опфаќаат орочeното злато во странски банки на подолг временски период.

**Девизни резервни средства**

***Депозити кај странски банки***: Оваа категорија ги опфаќа девизните средства на тековни сметки кај странски банки и орочените девизни средства во странство.

***Ефектива во трезор***: Ефективата во трезор ја сочинуваат ефективните странски пари коишто се наоѓаат во трезорот на НБРМ, странски чекови во девизи примени во благајна, чекови испратени за наплата во странство.

***Хартии од вредност***: Во оваа категорија влегуваат пласманите во должнички купонски и дисконтни хартии од вредност, издадени или гарантирани од странски држави, централни банки, мултилатерални развојни банки и меѓународни финансиски институции, како и пласманите во обврзници со обезбедување. Хартиите од вредност се искажуваат по пазарна вредност, со вклучување на износот на пресметаната камата.

## Табели бр.34 и 35 Девизен курс на денарот-просек за периодот и на крајот од месецот

Просечните годишни девизни курсеви се пресметуваат како аритметичка средина од просечните месечни девизни курсеви.

Просечните квартални девизни курсеви се пресметуваат како аритметичка средина од просечните месечни девизни курсеви од дадениот квартал.

Просечните месечни девизни курсеви се пресметуваат како аритметичка средина од средните дневни девизни курсеви.

Девизен курс на крајот на месецот е средниот дневен девизен курс од курсната листа на НБРМ за последниот ден од месецот.

## Табела бр.36 Индекси на ефективен девизен курс на денарот

Реалниот ефективен девизен курс претставува индексен број кој се добива како производ од индексот на номиналниот ефективен девизен курс на денарот и индексот на релативните цени.

Индексот на номиналниот ефективен девизен курс (НЕДК) на денарот се пресметува како пондерирана геометриска средина од билатералните просечни месечни девизни курсеви на петнаесет поголеми надворешнотрговски партнери на Република Македонија (Австрија, Бугарија, Хрватска, Германија, Грција, Италија, Русија, Романија, Словенија, Турција, САД, Србија, Швајцарија, Украина, В.Британија), со базен период 2015=100 и пондери засновани врз надворешнотрговската размена во 2010-2012 година.

Индексот на релативни цени е однос помеѓу индексот на домашни цени и просечниот пондериран индекс од индексите на странски цени на земјите што соодветствуваат со изборот на земји чии валути се користат при пресметката на НЕДК на денарот, со базен период 2015=100 и пондери засновани врз надворешнотрговската размена во 2010-2012 година. Притоа, како дефлатори се користат индексот на потрошувачки цени (CPI) и Индексот на производители на индустриски производи (PPI).